USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

STRATEGIC DEVELOPMENT CONSULTING

# АКТИВНОСТ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ ЕКОСИСТЕМ

## Преглед на дел од наодите од анализата за влијанието на кризите врз микро, малите и средните претпријатија

### Цел на истражувањето

Да развие препораки за ефективни политики и мерки кои ќе ја подобрат конкурентноста и прилагодливоста на микро, малите и средните претпријатија (ММСП) во кризни состојби преку анализа на предизвиците и потребите на претпријатијата во споредба со ефектите од владините политики и антикризни мерки. Истражувањето ги анализира и аспектите за родова еднаквост на пазарот на труд.

### Структура на анкетен примерок

Анкетирани се вкупно 134 претпријатија од 8 плански региони, од 8 сектори од економијата кон кои беше фокусирана владината поддршка во последните 3 години, за време на здравствената и енергетско-економската криза.

### Опфатени области

- Политики за развој на ММСП
- Деловна поддршка
- Ефекти од Ковид-19 кризата
- Ефекти од енергетско-економската криза
- Ефекти од климатските промени

### Родово-сегрегирани демографски податоци

24% од анкетираните претпријатија се управувани од жени, а 23% се во сопственост на жени. 100% од управителите на анкетираните ММСП кои се на возраст од 18-25 г. се жени, додека 43% од оние на возраст од 26-35 г. се жени.

**Дали вашето претпријатие има политики за родова еднаквост на работното место?**




## ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА ММСП

**Дали сметате дека политиките кои се однесуваат на микро, мали и средни претпријатија се соодветни и ги даваат очекуваните резултати во вашиот сектор/индустрија?**




28% од испитаниците не се согласуваат дека политиките кои се однесуваат на ММСП се соодветни. 34% од нив се од преработувачката индустрија, 24% трговија на големо и мало и 16% информации и комуникации.

71% од оние кои одговориле негативно, сметаат дека политиките не се соодветни поради тоа што не се базираат на податоци за реалните потреби на претпријатија и препорачуваат мерките да бидат поприменливи, реалистични и соодветно буџетирани.

## ДЕЛОВНА ПОДДРШКА

**Дали покрај државните институции познавате друг тип организации (пр. комори, деловни здруженија, асоцијации) кои обезбедуваат поддршка за ММСП?**




82% од микро претпријатијата не познаваат други организации за деловна поддршка (ОДП), покрај државните. 57% од малите претпријатија се информирани за постоењето на други ОДП.

9% од анкетираните претпријатија членуваат во ОДП, 2% од нив ги користат услугите на ОДП.

## ЕФЕКТИ ОД КОВИД-19 КРИЗАТА

**Дали вашето претпријатие беше директен корисник на некои од владините мерки за ублажување на Ковид-19 кризата?**




72% од корисниците на мерките позитивно ја оценуваат поддршката, а 28% изјавиле дека мерките не им помогнале да ги ублажат негативните последици од кризата.

## ЕФЕКТИ ОД ЕНЕРГЕТСКО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА

**Дали на вашето претпријатие влијаеше енергетско-економската криза?**




97% од анкетираните не биле корисници на владините мерки.

3% од оние кои биле корисници, и како резултат на поддршката успеале да ги ублажат негативните ефекти, работат во секторите преработувачка индустрија и земјоделие.

## ЕФЕКТИ ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

**Дали вашите клиенти се подготвени да платат поголема цена за „зелениот“ и „еколошки“ процес на производство?**




77% од испитаниците одговориле дека ги земаат предвид енергетските трошоци во нивниот бизнис модел и 90% од испитаниците одговориле дека не би ги зголемиле оперативните активности во услови на подостапен извор на енергија, по поповолна цена.

Оваа содржина е подготвена од тимот на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем“ финансиран од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа содржина не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на САД.